

# КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.18, МЕСЕЦ НОЕМВРИ 2019

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР.**

**ПРОШИРУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С.РАЕЦ**





Општина Кавадарци преку оперативата на ангажираната фирма поставува нови рабници на крак од ул.„Гоце Делчев“.
Во наредната фаза ќе следи асфалтирање на оваа улица на потегот до спојот со ул.„Народна младина“. На оваа делница ќе се постави нов завршен слој со фин асфалт на површина од 350 метри квадратни.
И овој проект општината го реализира на барање на жителите од овој дел на Кавадарци. Изведувач на работите е фирмата „Изолација“ од Скопје.

Општина Кавадарци продолжува со акцијата за отстранување на диво поставените лимени гаражи од јавно-прометните површини. Деновиве се спроведува расчистување на просторот зад „офицерската зграда“ на ул. „7-ми Септември“.
Овој јавно-прометен простор се наоѓа на ул.„Крсте Мисирков“, каде предмет на отстранување од узурпираниот простор се 11 лимени гаражи. По спроведувањето на целата акција и расчистувањето, тој простор ќе биде уреден и претворен во паркинг за возоилата на станарите од тој дел на Кавадарци.



Денес Градоначалникот Митко Јанчев одржа состанок со Мој општинар и ЈП Комуналец за креирање на планот и динамиката за подигање на нови зелени површини. Беа одредени повеќе локации во градот кои треба да бидат завршени во тековната година.

ЛОКАЦИИ НА КОИ ШТО ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ СЕ:

ул.Илинденска | кејот во Ваташа | Булевар Цветан Димов | ул.Блажо Алексов | Западен Булевар кај СЦ Јасмин
градинката кај ООУ Гоце Делчев | ул.Ѓоре Брушански | ул.Слога | ул.Калница | паркче во населба Страшо Пинџур

Ќе се изврши и мапирање на дрва кои треба да бидат кастрени и ќе се одредат локации за нови насади.

Општина Кавадарци е и во завршна фаза со подготовките за реализација на зелен катастар и е во разговори со ЗШУЦ Ѓорче Петров за отпочнување на соработка за подигање на нови зелени површини и стручна помош.



## РЕАЛИЗИРАН УШТЕ ЕДЕН ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ МСИП, ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНИТЕ УЛИЦИ ВО КАВАДАРЦИ.

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива во текот на викендот ја асфалтираше улицата„7-ми Септември" на потегот од спојот со„Илинденска", до мостот кај Јаворот. Нов завршен (фин) слој на асфалт беше поставен и на раскрсницата на улиците„Илинденска"-„Мито Хаџи-Василев" -„7-миСептември".

За целосно заокружување на проектот, веднаш по асфалтирањето специјализираната екипа на ЈП„Комуналец" изврши обележување на пешачките премини, полните и испрекинати линии, како и означувањето на паркинг местата за хоризонтална патна сигнализација.

## РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТ ВО С.ДРЕНОВО





Општина Кавадарци преку службата Мој општинар и ЈП„Комуналец" започна со реализација на проектот за подигање на нови зелени површини на повеќе локации во градот. Планот и динамиката беа определени на состанок со градоначалникот Јанчев на чија идеја се реализира овој еколошки проект. Просторот на Западен Булевар кај СЦ Јасмин е првата локација на која се почна со реализација. Откако ќе се расчисти теренот, ќе се постави систем за наводнување, ќе се посее трева и ќе се засади дрворед. Планот опфаќа повеќе локации на кои ќе се изврши хортикултурно уредување: ул.„Илинденска", кејот во Ваташа, Булевар „Цветан Димов", ул„„Блажо Алексов", просторот околу градинката кај ООУ„Гоце Делчев", како и на улиците„Горе Брушански", ул.„Слога" и ул.„Калница" паркче во УЗ„Страшо Пинџур". Проектот треба да биде завршен во тековната година.

Градежните работи за ревитализација на ул.„Мито Хаџи-Василев" се во последна фаза. Ангажираната оператива работеше на нанесување на завршен фин слој асфалт, на потегот од раскрсницата со ул. „Илинденска" до спојот со ул.„Пионерска" над гимназијата. Одвивањето на работите го следеше и градоначалникот м-р Митко Јанчев. Носител на договорната обврска е градежната фирма„Бетон" од Скопје. Градежната оператива претходно работеше на отстранување на старите рабници и поставување на нови, а беше отстранет стариот асфалт на дел од коловозната лента. Финансиските средства се обезбедени преку Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, а со цел финансирање на капитални инвестициони проекти, МСИП.





## АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛ.ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

## ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ВО УЗ КУЛА ПРОДОЛЖУВА.

Деновиве оперативата на кавадаречката фирма „Градба промет" работи на подготовка на теренот за партерно уредување на просторот околу комплексот згради што се наоѓаат кај спојот на булеварите „Никола Минчев" со „Кочо Рацин". На оваа локација под хотелот „Уни Палас" се подготвува изградба на сообраќаен пристап, пешачки патеки и тротоари. Претходно беа паоставени и нови тенки рабници, по што треба да следи тампонирање и поплочување.
Општината сега заокружува поголема комунална кампања на овој простор, од каде претходно се отстранија лимени гаражи, се расчисти отпад и шут, се кастреше бујна вегетација, се прошири и преасфалтира паркинг, и се изгради нов, се огради спортски терен и се изврши хортикултурно уредување.





## ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ОД ООУ ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО ПО ПОВОД ДЕТСКАТА НЕДЕЛА.

Општина Кавадарци преку специјализираната екипа на ЈП „Комуналец" изврши обележување на хоризонталната патна сигнализација на ул. „Мито Хаџи-Василев". Според проектот со бела боја беа обележани пешачките премини, полните и испрекинати линии, како и покажувачите на правец. Се означија и местата за паркирање кои ќе бидат дел од јавното зонско паркирање со кое ќе стопанисува неодамна формираното ЈП „Паркинг" Кавадарци. Со денешното обележување на хоризонталната патна сигнализација општината успешно ревитализира уште една централна улица, како дел од проектот МСИП, за реконструкција на главните улици, во соработка цо ЕУ и Светска банка.






## ПРОДОЛЖУВА ПРОЕКТОТ МСИП

За ревитализација на главните улици во градот.Општина Кавадарци преку ангажираната оператива започна со гребење на стариот асфалт на ул. „Страшо Пинџур".
Ова е нова фаза од проектот за обновување на коловозот, а ја опфаќа делницата од спојот со ул. „Слога" до Ваташката пошта. Ќе се ревитализира вкупна површина од 4.350 метри квадратни со поставување на нов завршен слој асфалт, а во реконструкцијата е опфатена и промена на старите рабници.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛ.„ПОЛОШКА“.**
Според проектот предвидено е во оваа фаза целосно да се реконструираат 600 метри квадратни коловозна површина, како и 320 квадратни метри тротоари. Исто така ќе бидат заменети и рабниците. Во првата фаза се отстрануваат: стариот асфалт, рабниците и бетонските тротоари. Потоа ќе следи порамнување поставување нови рабници, тампонирање и асфалтирање на целокупната површина предвидена за ревитализација. Овој проект е дел од кампањата (мај-октомври) за реконструкција на улици и објекти во урбаните и месните заедници во Општина Кавадарци. Проектот се реализира во рамките на Програмата за комунална изградба, на барање на граѓаните од овој дел на Кавадарци.

**РУШЕЊЕ НА ОБЈЕКТ ПОРАДИ ПРОШИРУВАЊЕ НА УЛ.ФЕРЧО ПОП-ЃОРЃИЕВ СПОЈ СО УЛ.ИЛЧО ДИМОВ. ДООФОРМУВАЊЕ НА НОВОИЗГРАДЕНИОТ МОСТ ВО С.ВАТАША.**





**РУШЕЊЕ НА СКЛОНОПАДНИ ОБЈЕКТИ ВО СОРАБОТКА СО ЕКСТРА БУС КОИ СЕ НАОЃААТ ДО ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ ВО С.ВАТАША. СО ОВАА АКЦИЈА СЕ ОСЛОБОДУВА ПРОСТОР ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО**



Деновиве оперативата на кавадаречката фирма „Градба промет“ работи на партерното уредување на просторот околу комплексот згради што се наоѓаат кај спојот на булеварот „Кочо Рацин“ со булеварот „Никола Минчев“.
При крај се работите со поплочување на тротоар на улицата „Орце Николов“. Потоа ќе уследат завршните работи под хотелот Уни Палас 1, каде се оформи делница за изградба на сообраќаен пристап, а со бехатон плочи ќе се урбанизира и пристап до влез во зграда и пешачки патеки. Од овој простор, претходно се отстранија лимени гаражи, се расчисти отпад и шут, се кастреше бујна вегетација, се изгради нов паркинг, а се прошири и асфалтира постоен паркинг, потоа се огради спортски терен и се изврши хорти културно уредување. Просторот општината го урбанизира согласно програмата за комунална изградба, а на барање на жителите од овој дел на Урбаната заедница „Кула“

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## МЕХАНИЗАЦИЈАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ РАБОТИ НА ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА НА КОЛОВОЗНАТА ЛЕНТА НА НОВА УЛИЦА ВО МЕСНОСТА „КОЊСКИ ДУПКИ“

Според проектот на Општина Кавадарци како дело од програмата за комунална изградбе, се работи на подготовка на крак од ул. „Праведничка“ за асфалтирање. Во оваа фаза се дооформува дел од улицата, каде ќе се постави тампон, а потоа ќе следи поставување на рабници како подготовка за асфалтирање. На оваа улица ќе бидат асфалтирани нови 70 метри.





## ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ НА УЛ. „ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ“

Согласно проектот треба да бидат поставени 940 метри бетонски рабници кои ќе оформат улица во должина од 470 метри. Во оваа фаза од изградбата на улицата беше поставен и тампон, како подготовка за асфалтирање.

Реализацијата на овој проект од општината е на барање на жителите од тој дел на Кавадарци каде има интензивна урбанизација и изградба на индивидуални станбени објекти.

## РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ Е ВО ПОЛН ЕК.

Екипи на ЈП Комуналец и службата „Мој општинар“ работеа на „Западен Булевар“ кај СЦ „Јасмин“ каде се постави систем за наводнување. Просторот предвиден за хортикултурно уредување е со површина од 1.300 метри квадратни. Овде ќе се посее трева, ќе се засадат зимзелени декоративни садници, а ќе се оформи и дрворед. Проектот по идеја на градоначалникот Јанчев опфаќа повеќе локации на кои што ќе се изврши хортикултурно уредување. Нови зелени површини ќе има на повеќе локации. Проектот треба да биде завршен во тековната година.





## ГРАДОТ ЌЕ ДОБИЕ УШТЕ ЕДНА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА.

Во склоп на еколошкиот проект за хортикултурно уредување, општината преки ЈП „Комуналец“ работи на формирање зеленило на локација кај Кавадаречки дол. На површина од 1.500 метри квадратни денес се подготвуваше теренот за хортикултурно уредување. Според планот на оваа локација ќе се посее трева, ќе се засадат зимзелени декоративни дрва, а ќе биде целосно обновен и дрворедот на ул. „Ѓорѓе Брушански“ од левата страна на долот. Претходно екипа од ОЕ „Водовод“ при ЈП „Комуналец“ постави мрежа за полевање.

Општина Кавадарци преку службата за патишта и патен сообраќај започна акција за поставување на нови знаци од вертикалната патна сигнализација. Во наредниот период на локациите на кружните текови, раскрсниците, пешачките острови и премини ќе се постават физички пречки за означување на сообраќајните површини, како и знаци за известување во кружна и правоаголна форма кои се составен дел од вертикалната сообраќајна сигнализација. Според проектот општината на овие локации ќе постави 300 пластични столбови во црвена боја со бели флуоресцентни ленти, за видливо означување и одделување на сообраќајните површини низ улиците во градот. Со овој проект во значителна мерка ќе се подобри безбедноста во сообраќајот.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Во рамките на програмата за интервентни зафати во градската водоводна и канализациона мрежа на ул.Февруарски поход, Општина Кавадарци на барање на граѓаните деновиве реализира проект за замена на старата линија од азбестно цементни цевки, со нова линија од пластични цевки.
Се менува комплетната линија во должина од 50 метри. Со реализацијата на овој зафат жителите на овој дел од Кавадарци ќе добијат поквалитетно и непречено водоснабдување како и сигурен и безбеден зафат на отпадните и фекалните води.
Општината согласно програмата за комунална изградба на оваа улица ќе реализира и проект за целосно асфалтирање.

Општина Кавадарци преку ангажираната фирма „Коп-инжинеринг" од Скопје, деновиве заврши со релизација на комуналниот проект за изградба на канализациона линија во селото Раец. Според проектот се постави инсталација цевки и шахти за фекална канализација во должина од 510 метри. Се вградија корогирани ПВЦ цевки со профил фи.250мм.
Проектое е на барање на жителите од селото а се рализира во рамките на програмата за комунална изградба за 2019 година.





**ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИЈА ДО ЦРКВАТА СВ.ДИМИТРИЈА ВО С.ДРЕНОВО**

Ангажираната фирма „Градба промет" од Кавадарци продолжува со реконструкција на дел од ул.„Полошка". Денес се вршеше тампонирање и порамнување,ќе следи поставување нови рабници, па асфалтирање на целокупната површина предвидена за ревитализација.
Според проектот целосно ќе се реконструираат 600 метри квадратни коловозна површина, како и 320 квадратни метри тротоари.
Во првата фаза беа отстранети: стариот асфалт, рабниците и старите бетонски тротоари.
Овој комунален проект е дел од кампањата за реконструкција на улици и објекти во урбаните и месните заедници во Општина Кавадарци.
Проектот се реализира во рамките на Програмата за комунална изградба, на барање на граѓаните од овој дел на Кавадарци





Проектот за „Реконструкција и адаптација на објект Винска куќа-Кавадарци" во Градскиот парк се реализира непречено. Во оваа фаза се работи на поставување изолација на ѕидовите со термо фасада. Досега е реализиран делот со изградбата на новата челична конструкција. Реконструкција на Винската куќа, предвидува и замена на стариот покрив, поставување на нова армирано-бетонска плоча, зајакнување на надворешните ѕидови, поставување на нова електрична инсталација и партнерно уредување, Финансиската конструкција изнесува 8.925.826 денари, од кои 3.096.460 денари ќе се обезбедат од буџетот на општина Кавадарци за 2019 година, додека останатите 5.829.366 денари се учество на Бирото за регионален развој. Намената на реновираниот и адаптиран објект ќе биде „Вински музеј" од регионален карактер. Во него ќе бидат изложени музејски артефакти,посетителите ќе имаат можност да дегустираат вина и производи од грозје од производители од регионот, како и да се запознаат со традицијата во производството на вино. Општина Кавадарци проектот го реализира преку Бирото за регионален развој, а во соработка со Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА КРУЖЕН ТЕК НА СПОЈОТ НА БУЛЕВАРОТ „НИКОЛА МИНЧЕВ“ СО БУЛЕВАРОТ „ЦВЕТАН ДИМОВ“.**

Со ова ново сообраќајно решение општината решава уште едно тесно сообраќајно грло на две значајни прометни сообраќајници. Новиот кружен тек комуникацијата и протокот на возилата од центарот кон зградата на УЛП и Граничната полиција, кон Црквата Св. „Петка“ и „Северен булевар“ ќе ја направи побрза и многу побезбедна. По изградбата на овој седми по ред кружен тек во Кавадарци општината ќе ја зголеми безбедноста и пропустната моќ на главните улици во новиот центар.





**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА РЕАЛИЗИРАШЕ УШТЕ ЕДЕН ПРОЕКТ.**

Градежната оператива на фирмата „РМК градба“ од Скопје, изврши поплочување на крак од улицата „Клинска“ над „Калнички дол“ со што жителите од овој дел на градот добиа уредена комуникација без прашина и кал.

Општината овде интервенираше со поставување на бехатон коцки, а претходно се изврши нивелирање и тампонирање.

Проектот се реализира на барање на жителите од овој дел на Кавадарци.

**ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „РМК ГРАДБА“ ОД СКОПЈЕ ЗАПОЧНА СО ПОДГОТОВКА ЗА РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛИЦАТА „МЕТОДИ ЏУНОВ-ЏИКО“ НАД ПОРАНЕШНАТА ФАБРИКА „ТАСКА“.**

Според проектот треба да се отстрани стариот и дотраен асфалт и да се постави тампон. Општината на местото на стариот асфалт ќе постави бехатон плочки. Предвидено е да се реконструира површина од 230 метри квадратни. Реконструкцијата на улицата е во рамките на Програмата за комунална изградба, а општината го реализира проектото на барање на жителите кои гравитираат кон оваа улица.





**АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ПИРАМИД БИЛДИНГ“ ОД СКОПЈЕ ЗАВРШИ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА „ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА“.**

Денеска се поставиа последните плочки на централната патека со што завршиа градежните работи. Општината Кавадарци ја уреди целокупната површина со бехатон коцки. Обновнеа е површина од 300 метри квадратни која опфати патеки во ниското плато на паркот кон улицата „Браќа Џунови“.

Со овој проект општината ги обнови сите пристапи патеки во паркот. За заокружување на проектот ќе се преуредат зелените тревни површини на ниското плато.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ЕКИПА НА ЈП „КОМУНАЛЕЦ“ РЕАЛИЗИРАШЕ УШТЕ ЕДЕН ПРОЕКТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.**
На локацијата кај старата адвентистичка црква е подигнат нов потпорен ѕид од бетонски цигли во должина од 6 метри. Со овој проект општината санираше критична точка на главната градска улица „7-ми Септември“.
Претходно по иницијатива на службата „Мој општинар“, ЈП „Комуналец“ го отстрани стариот руиниран потпорен ѕид кој беше потенцијална опасност за пешаците и сообраќајот на улицата. Се расчисти просторот со скип и трактор, при што се отстрани извесно количество отпад и шут, неколку самоникни дрва, камења и земја.
Сега овој дел на тротоарот е безбеден за движење на пешаците, и повеќе не претставува опасност, ниту пак е грда слика во централното градско подрачје.



**ОПЕРАТИВАТА НА КАВАДАРЕЧКАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ АФЛАТИРАШЕ КРАК ОД УЛ. „ПРАВЕДНИЧКА“.**
Според проектот на општина во оваа фаза се постави асфалт на површина од 350 метри квадратни на однапред подготвена тампонирана подлога.
Асфалтирањето е дел од програмата за комунална изградба, а општината го реализираше на барање на жителите од овој дел на Кавадарци.

# СРЕДБИ СО УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ



Градоначалникот Митко Јанчев заедно со службите од Локалната Самоуправа и ЈП Комуналец остварија средби со сите урбани и месни заедници во Општина Кавадарци .

На средбите беа презентирани реализираните проекти за изминатите две години, проектите кои се во тек и беа презентирани и планираните поголеми проекти за 2020 година.

Со оглед на тоа што предизборната програма предвидена за 4 години е веќе 90% реализирана, потребно е да се подготват нови програми за наредните 2 години.

Целта на овие средби е заеднички со граѓаните да се поставаат приоритетите за 2020 година и врз основ на истите да се подготват програмите.

# ПОЧЕСНИ КОНЗУЛИ ВО ПОСЕТА НА КАВАДАРЦИ

Почесни конзули на Република Македонија акредитирани во странство присуствуваа во работна посета Кавадарци, со цел запознавање со проектите и капацитетите за инвестиции и соработката која ја нуди Кавадарци. Посетата е во рамките на дводневната конференција на почесни конзули во организација на Министерството за надворешни работи. Конференцијата со почесните конзули е во рамките на активностите за поефикасно реализирање на целите на економската дипломатија на Министерството за надворешни работи. Нејзината цел е да се воспостави подобра комуникација и координација на почесните конзули со институциите, како и да се запознаат со економските политики на земјата, особено во делот на зајакнување на економската и трговската соработка со странските држави.

Почесните конзули во Кавадарци најпрвин имаа средба со Градоначалникот Митко Јанчев, во општинската зграда. Потоа ги посетија Свналко – Кожувчанка, Слога и ВВ Тиквеш. Во овие три компании конзулите се запознаа со работата и производството на бизнис секторот во нашата општина.









# ПУШТЕНИ ВО УПОТРЕБА ДОГРАДБИТЕ НА ОБЈЕКТИТЕ “СНЕЖАНА“ И “ДЕТЕЛИНКА“

Општината и Јавната установа “Рада Поцева“ реализираат проекти за проширување на капацитетите на два објекти. Се пуштија во употреба простории на објектот „Детелинка“ кај ООУ „Тошо Велков-Пепето“ и на објектот „Снежана“ кај старата Ваташка градинка.

Вкупно се доградени 7 нови занимални од кои 2 на објектот „Снежана“ и 5 на објектот „Детелинка“. Според очекувањата во овие два објекти ќе бидат опфатени помеѓу 150 и 180 деца.

Со реализацијата на овој проект ќе се излезе во пресрет на барањата на родителите чии деца имаат потреба до сместување во градинка.

Во напорите за зголемување на опфатот на децата од предшколска возраст, општината изврши адаптација на објектото на новото училиште во село Марена, кое сега ќе има функција на градинка за децата од ова село. Овде се згрижени 25 до 30 деца од село Марена.

Општината и градоначалникот паралелно работат и на проект за изградба на ново објект од градинката, со што би се создале просторни услови за згрижување и прифаќање на сите деца од предшколска возраст во градинката.







# САЕМ НА ВОН НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Традиционално како и секоја година, во организација на Општина Кавадарци и Советот за превенција од малолетничко престапништво се одржа Саем на вон наставни активности 2019 година. Настанот се одржа на 30.10.2019год. (среда) на Градскиот плоштад, со времетраење од 10:00 до 14:00 часот. На саемот учество задоа Градските спортски клубови, Училишните спортски клубови и други организации и здруженија за вон наставни активности со цел промовирање на спортот и спортските активности за подигнување на рекреативната, интелектуалната свест, социјалната и здравствената заштита на учениците.

Целта за презентирање на спортските и вон наставните активности е кај учениците да се развива интересот, љубопитноста, можност во откривање на афинитетите други вон наставни активности, кон одредени спортски дисциплини и мотивацијата за спортот  кој е чувар на физичкото и духовното задравје на младата популација.

Саемот беше посетен од учениците од прво до петто оделение од сите основни училишта, љубители на спортот и останати граѓани.











# КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН

На 15 октомври почна традиционалната манифестација „Кавадаречка Културна Есен“ под мотото „ДОЈДИ, ВИДИ ПА РАСКАЖИ“ со Фолклорниот Ансамбл ТИКВЕШ, Традицискиот оркестар и Хорот при ОМБУЦ „Лазо Мицев Рале“ на градскиот плоштад, па продолжи со вечер посветена на Тоше Проески во Домот на Културата. Во рамките на оваа наша манифестација оваа година е и Месецот на Театар по повод првата одиграна претстава во Кавадарци, кој започна со изложба на Театарски фотографии и Театарска претстава. До сега имаше квалитетни настани за сечиј вкус, програмата се објавува преку флаери, преку медиумите од Кавадарци и регионот, и се разбира на социјалните мрежи. Остануваат уште две недели до затворањето на К.К.Е. каде исто така се предвидени настани кои вредат да се посетат, изложби, промоции на книги, филмови, работилници, вечер посветена на Никола Бадев, концерти, Театарски претстави итн итн





# МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР

По повод 126 години од формирањето на ВМРО и оваа година по 10-ти пат се оддржа меморијалниот турнир во мал фудбал ,,Сашко Нешковски'

# ПОДДРШКА ЗА СПОРТОТ ВО КАВАДАРЦИ

КК " САНСАИ-Метал Аотолов,,"...поддршка за карате спортот во Кавадарци.
Претседателот на клубот Александар Стојанов и претставникот на Компанијата „Метал Апостолов,, Влатко Апостолов потпишаа договор за соработка.Кавадаречката фирма отсега ќе го помага карате клубот финасиски
-Членуваат каратисти од 4 години
-Помагател,, Метал Апостолов" од септември 2019 година
-Карате клубот е препозантлив по успесите во земјата и странство
-Новиот спонзор е од голема корист бидејќи ке бидат стимулирани настапите на клубо
-Метал Апостојов е општествено одоворна компанија.
На ова компанија спортот е императив за здрави поколенија .













# ОТВОРЕН ДЕН ПО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Како и секоја година така и оваа, месец октомври им се посветува на децата под мотото Детска недела. Сите деца имаат еднакви права и на сите треба да им се даде неопходната поддршка и да им се овозможат еднакви можности. „Одбележувањето на Светскиот ден на детето ќе овозможи да се слушне гласот на децата и тие да укажат во најголемите предизвици со кои се соочуваат. Кренете го гласот и помогнете за да се спасат детски животи; помогнете им на децата да се борат за своите права и да го остварат својот потенцијал„. На овој ден, учество зедоа сите ученици од I-IX одделение во своите работилници со своите одговорни наставници, и тоа:

1.Дебата на тема: „ Моите права дома и во училиштето„ со ученици од IX одделение.Одговорни наставници- Ангел Атанасов, Валентина Таскова;
2.Цртање мурал на тема: „Права и обврски„ со ученици од VI - IX одделение, Одговорен наставник- Ива Јосифова, Роза Атанасовска;
3.Работилница на тема:„Здрава храна за детство без мана„со ученици од I одделение..Одговорни наставници-Милка Маневска,Тодорка Каровска, во соработка со родители;
4.Работилница на тема:„Изработка на разгледница за Кавадарци„.Одговорни наставници-Силвана Лазова,Софија Јосифова,Андријана Преметарев, Павлинка Дамјановска, со ученици од II одделение;
5.Работилница на тема:„Макета на мојот град„ Одговорни наставници-Роза Кујунџиева,Ѕвезда Настова со ученици од III одделение;
6.Работилница на тема:„Детските права и обврски„ Одговорни наставници-Билјана Јованчева,Надица Јованова со ученици од III одделение;
7.Работилница на тема:„„изработка на знамето на град Кавадарци од салфети„ Одговорни наставници-Елена П.Атанасова,Катица Ставрова, Соња Спанџова драматизација Детска недела со ученици од IV одделение;
8.Работилница на тема „Екологијата во мојот град„ и „Мојот град„ со ученици од V одделение одговорен наставник Елена Соколова , Стефка Саздовска;
9.Работилница на тема:„Истражување на мојот крај„ со ученици од VI-IX одделение одговорни наставници ПАвлинка Костадинова, Мимоза Крстевска;
10.Работилница по англиски и германски јазик на тема.„Детски права и обврски„ со ученици од VI-IX одделение;
11.Ликовна работилница на тема:„Мојот град„ и изработка на мурал, со ученици од VI – IX одделение;
12.Училишниот хор не запозна со убавините од Нашиот град и со химната за Нашето ушилиште преку музички точки;
13.Мал фудбал со една цел- детските права учествуваа ученици од VI-IX одделение;
14.Учениците со посебни образовни потреби од Нашето училиште учествуваа со свои музички точки и учествуваа со ликовната работилница;
15.Учениците од I-V одделение имаа свој забавно-музички дел со кои што ја збогатија програмата на отворениот ден.

Саатот е два по полноќ. Само шо си дојдов дома, преморен, ама го знајте ноа убаво преморување, кога си го поминал тукуречи цел ден на работа ама си го минал со луѓе кои си ги сакаш и почитуваш, плус си изгледал одлична Театарска претстава, плус на крајот сето тоа со убава поседанка и лаф муабет. Кешки да се преморувам вака се почесто и почесто. Ама воа иде од човек шо си а сака и обожава работта, човек кој шо мине сигурно повеќе време на работта од било кое друго место и човек кој никогаш не рекол „АЈ ДААА, УТРЕ Е ПОНЕДЕЛНИК, КОЈ ЌЕ ОДЕ НА РАБОТА". Да, не има уште такви. До душа ногу поретко, ама не има. Не знам , можеби е и до самата работа. Сум а имал таа среќа да го засакам Театарот поеќе од животот и таа „краста" која ногу лесно влегла под кожа сеа никако не сака да испадне, ама да си бидиме искрени не ни очекуам а ниту пак и сакам некогаш да испадне. Оти проста е работта, љубовта е взаемна, Ја Театарот, Театарот мене, впрочем како и за се у животот, кууку ќе дадиш тууку ќе ти се врате.

Малку по д'г увод за тоа шо уствари сакам да ви го кажам, ама заслужува, и уводот а и тоа за кое сеа ќе пишам. Сакам после ајле време, вака преку воа мое комуницирање со вас, почитувани кавадарчани и за 7 ипол степени според рихтер попочитувани кавадарчанки да му се заблагодарам на едни дечки е девојки, кои се дел од мојто секојдневие, со кои пред 12 години почнаме едно скромно проектче, плашејќи се дали ќе не прифане публиката, дали ќе се насмее некој , проектче кое после тоа беше одиграно шесСедумнајсет пати со преп'на сала, проектче по кое д'ги години после не препознаваа по него и кое ни беше повод да напрајме уш едно па уш едно па уш едно ... Проектчето се викаше „ИЦЕТО И ЈУЛЕТО", екипата тогаш броеше околу дваестина ентузијасти, кои секоја вечер по 4 а често и по 5 саати оставаше дел од себе на тиа „штици шо живот значат". За поголемиот дел од нив остана тоа ентузијазам, ама за неколку Театарот стана смисла за живот, победа, радост, љубов... Не сакам да ми се налутат тиа кои нема да ги спомнам, оти не е тоа од непочит, туку затоа шо ногу ве има у виа дванајсет години, ами ќе спомнам само дел од нив, токму тиа за кои таа „краста" му се налепи и на нив, на ист начин како и мене... Ви го посветуам виа текст вас затоа шо сте огромен дел од нашта преубава кавадаречка градска култура, и затоа шо сте дел од најубавите години од мојот живот.

Ве молам еден огромен аплауз на отворена сцена за: Цимо (Видан), Боцев, Благица, Тина, Деан,Дејан, Жана, Уневски, Фока, проф Костадин, Пецо, Марко,Ребека...............

П. С. НЕ, НЕ ги заборавам човеците поради кои јас го засакав Театарот: Чичко Васо, Чичко Ацо Лавот, чичко Данчо Бањански, Мима, Љубо на Дуда ..........

by КОЦЕВСКИ

Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иноватива Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија

**kavadarci.gov.mk**